Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на**
**културната манифестација „Рацинови средби“**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на културната манифестација „Рацинови средби“.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација „Рацинови средби“.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател-градоначалникот и 4 (четири) членови-истакнати личности од областа на литературната дејност.

Мандатот на Организацискиот одбор е две години од денот на именувањето.

**Член 3**

Културната манифестација „Рацинови средби“ се одржува секоја година во седмицата пред или по 13 јуни-годишнината од смртта на Коста Солев Рацин.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

**Член 4**

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација „Рацинови средби“ со рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на :

1. Афирмација на ликот и делото на Коста Солев Рацин.
2. Развивање на меѓународните контакти од областа на литературата.
3. Афирмирање на македонските литературни творечки дејности.

4. Афирмирање на достигнувањата на македонската литература и култура.
5. Афирмирање на литературните и културните вредности на народите од светот.

За реализирање на Програмата Организациски одбор се овластува да соработува со:

- институции од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- манифестации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Манифестацијата.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

На културната манифестација „Рацинови средби“ се доделуваат две награди:
- „Рациново признание“ и
- „Почесно Рациново признание“.

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до 30 април во тековната година распишува конкурс за доделување на наградата „Рациново признание“ на автор од Република Северна Македонија за прозно дело објавено меѓу две средби во Република Северна Македонија.

Организацискиот одбор формира жири-комисија за оценување на делата пристигнати на конкурсот.

Жири-комисијата е составена од три члена-еминентни личности од литературната дејност и го врши изборот на добитникот на наградата.

Жири-комисијата донесува одлука за доделување на „Рациново признание“.

Наградата „Рациново признание“ се доделува само за едно дело и се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 1.000 евра.

**Член 8**

„Почесното Рациново признание“ се доделува на странски автор за афирмација и популаризација на македонската литература и култура надвор од границите на Република Северна Македонија.

Одлуката за доделување на Почесното Рациново признание ја носи Организацискиот одбор.

„Почесното Рациново признание“ се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 500 евра.

**Член 9**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок и тоа:

- претседател-21.000,00 денари
- член(поединечно)-15.000,00 денари.

Членовите на жири- комисијата за доделување на наградата „Рациново признание“ за својата работа поединечно добиваат надоместок во висина од 15.000,00 денари.

**Член 10**

Во текот на организирањето и реализирањето на Манифестацијата, Организацискиот одбор соработува и се координира со Одделението за јавни дејности и Одделението за поддршка на градоначалникот.

По завршувањето на Манифестацијата Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој Правилник, Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес” бр.05/06,08/08,07/20 и 05/25), престанува да важи.

**Член 12**

Овој Правилник во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/9
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
- Одделение за јавни дејности и
-Списи и архива.